# ГОРАН РИСТОВСКИ



# end.begin

Н.У. ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“
Струга, јули 2010

## КОГА ТЕМАТА СТАНУВА СРЕДСТВО И ПОСРЕДНИК

Заедничкиот наслов на трите серии отпечатоци - „завршеток.почеток“ на Горан Ристовски одбележува еден сосема важен момент во кариерата на еден уметник: преминот од менторираниот во авторскиот пристап во уметничкото обликување. Поточно, тој наслов, своевидно, сака да го означи моментот во којшто уметникот, завршувајќи еден истражувачки циклус, треба да започне нов или поинаков, друг. Но, овој „настан“ Ристовски се одлучува да го направи со продолжување или, поточно, разработка на претходно заокружениот (менториран) циклус од 2009 година именуван како „Соочување“ со цел (авторски) да навлезе во истражувањето на поставената тема - технологијата како посредник помеѓу човекот и природата.

Имено, во првата серија Ристовски ги користи комбинациииите од вообичаените графички техники (акватинта, бакропис, сува игла, шабманир и резерваж) за да го искаже својот став во врска со оваа тема и не е тешко да се воочи дека тој став е негативен. Тоа се согледува, од една страна, во експресионистичките, гестуални потези, разбиени површни, обликувањето на самата графичка плоча и дезорганизираните детаљи (кои ги отсликуваат последиците од влијанието на развојот на технологијата врз природата) и, од друга страна, во сенишното присуство на обезличената човечка фигура/контура (самиот човек, во уметниковото разбирање, е главниот причинител за сè поголемото загрозување на сопствената животна средина). Овој, или вака прикажаниот, негов „човек“ не е воздигнат на херојско рамниште, туку е свлечкан во безднaта на сопственото оттуѓување и повлекување во себе: човекот (како причина и последица), како што пишува и самиот Ристовски, „од најинтелигентниот цицач на планетата Земја е вклучен во нејнеинтелигентниот потфат што може да се замисли: уништување на сопствениот природен систем за одржување на животот“.

Двете следни серии на отпечатоци претставуваат надополнување на претходната серија не толку на тематското, колку на технолошкото рамниште. Овие две серии се важни од две гледни точки. Првата е онаа којашто го проширува поимањето (а и практикувањето) на графичката техника, префрлајќи ја од областа на уметнички медиум, во областа на индустриско обликување. Со тоа Ристовски дава важен придонес кон истражувањата на можностите за излегување или проширување на графичкиот медиум: секој отпечаток, секое втиснување на боја во листот хартија може да стане легитимна уметничка техника. Втората, пак, е онаа која се однесува на употребата на самата технологија во поставувањето на темата.



деталь, комбинирана техника „Inversely“ (80x66)

Користејќи ја истата графичка плоча од претходната серија, тој овој пат, во втората серија, ја премачкува со боја од акрилно потекло и отпечатувањето го прави со двојно преминување на двоцилиндричен валјак за рамнење на наноси на асфалт (асфалтирање на улици и патишта). Во третата серија, пак, истите плочи се премачкани со емајл боја која се втиснува под единечен притисок на трите цилиндри на индустриската преса за виткање на лимови. Се разбира дека, за разлика од првата серија, во овие две серии изведениот цртеж на графичката плоча е далеку од препознатлив; втиснувањето на бојата е многу повеќе случајно, отколку контролирано, многу повеќе валкано, отколку совршено чисто; квалитетот на отпечатокот е далеку од пропишаните уметнички стандарди, но тие факти воопшто не се ни предмет на ова истражување.

Токму своевидното уништување и на цртежот и бојата (основните носители на пораката на авторот) и на самата плоча (основниот носител на графичката техника), а оттука и постигнувањето на нов или поинаков уметнички израз (повторно во доменот на графичката уметност, но, овој пат како монотипија), е надградбата која Ристовски ја прави на избраната тема: тематскиот дискурс за технологијата (нејзините уништувачки влијанија врз природата и животната околина), остварувајќи се преку самата технологија (нејзините уништувачки влијанија во уметноста), самиот станува уметнички медиум - уништувањето на графичката постапка низ/со/во технолошкиот процес се претвора во создавање на друга графичка постапка. Поинаку кажано, со употребата на самата технологија како постапка во областа на уметничкото обликување на тема „развојот на технологијата и уништувањето на природната и животна околина“, темата се префрла од цртежот и бојата кон самата постапка на нивното остварување (коишто со тоа, на некој начин, не ни постојат повеќе). Тематскиот круг за уништувањето со технологијата се затвора со самата технологија: самата тема станува средство и посредник.

Со тоа, оваа севажечка тема, низ ваквите „графички“ постапки на Горан Ристовски, влегува во уметноста и, преку неа, му се обраќа на човекот, настојувајќи да ја подигне неговата свест за сопствените постапки кон природата.

Небојша Вилиќ



детаљ, комбинирана техника „Intensity“ (100x70)



монотипија (преса за метал) „Combat“ (100x70)





монотипија (ваљак) „omen“ (100x70)



монотипија (ваљак) „tension“ (100x70)



детаљ, монотипија (ваљак) „Inversely“ (100x70)







## WHEN THE SUBJECT BECOMES MEANS AND MEDIUM

The general title of the three series of imprints – "END.BEGIN" by Goran Ristovski marks one very important moment in the career of an artist: the transition from the mentored to authorial approach in the artistic moulding. Actually, the title tries to mark the moment in which the artist, ending one exploratory cycle, needs to begin a new one or a different one. But Ristovski decides to make this "event" by extending or, more precisely, elaborating the already finished (mentored) cycle from 2009, named "Confrontation" in order to begin (as an author) the exploration of the given subject – the technology as a medium between man and nature.

Namely, in the first series, Ristovski combines the usual printmaking techniques (aquatint, engraving, dry point and reservage) to state his attitude on this subject and it is not difficult to realize that his attitude is negative. On one hand, that can be seen in the expressionist, gesticulatory moves, broken surfaces, the shaping of the printing plate and unorganized details (which reflect the consequences of the influence that development of technology has on nature) and, on the other hand, in the ghostly presence of the human figure/contour deprived of individuality (the man himself, in the artist's understanding, is the main cause for the increased endangerment of his own environment). This "man", or the "man" presented in this way, is not shown as a hero; he is dragged in the abyss of his own alienation and introversion: the man (as cause and consequence) as Ristovski writes, "as the most intelligent mammal on planet Earth is included in the most unintelligent attempt that can be imagined: the destruction of his own natural system for preservation of life."

The next two series of imprints are an addition to the preceding series, not on thematic, but on technological level. This two series are important for two reasons. The first one is extending the understanding (and the practicing) of the printmaking technique, translating it from an art medium into industrial moulding. Doing so, Ristovski gives an important contribution to the exploration of the possibilities for escaping from or extending the printmaking medium: every imprint, every application of color on piece of paper can become a legitimate art technique. The second concerns the use of technology in the realization



of the subject. Using the same printing plate from the preceding series, this time, in the second series, he is smearing it with an acrylic and prints by double passing with a two-cylinder roller for leveling uneven surfaces and asphalt (asphalting streets and roads). In the third series, the same plates are smeared with enamel color which is imprinted under single pressure of the three cylinders of industrial press for bending sheet metal. Of course, unlike in the first series, in this two series the drawing on the printing plate is far more recognizable; the imprinting of the color is more random than controlled, more dirty than perfectly pure; the quality is far from the art standards, but these facts are not the subject of this research.

The destruction of the drawing and the color (the basis of the author's message) and the plate itself (the basis of the printmaking technique) and therefore the achievement of a new or different art expression (again, in the area of printmaking, only this time as monotyping) is an upgrade that Ristovski is making on the chosen subject: the thematic discourse of technology (the destructive influences it has on nature and environment), realizing itself through technology (the destructive influences it has in art), becomes an art medium – the destruction of the art process through/with/in the technological process is resulting into creation of another printmaking method. In other words, by using technology itself as a method in the area of art moulding on the subject of "the development and destruction of natural environment", the subject transfers from the drawing and the color towards the method for their realization (which, in a way, do not even exist anymore). The thematic circle for destruction with technology ends with technology itself: the subject becomes means and medium.

Having said that, this general subject, through the "printmaking" methods of Goran Ristovski, enters the world of art and through it addresses the man, insisting to raise his consciousness for his own actions towards nature.

**Nebojsha Vilikj**



Роден е роден 1987г. во Струга, Р. Македонија
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје 2009г, отсек графика, насока графички дизајн, во класата на професор Димитар Малиданов.

**Групни изложби:**

-2006- 2009 год.- Годишни студентски изложби на ФЛУ-Скопје
-2006- 2009 год. - Изложба на "Ликовни уметници од Струга"
-2007, 2008, 2009 год.- Изложба "Драгутин Аврамоски-Гуте"- ФЛУ- Скопје
-2008 год.- Четврто меѓународно биенале во мала графика – Тетово
-2008 год.- Хуманитарна изложба, Скопје
-2008 год.- "Графичка работилница" Богданци
-2009 год.- Шесто меѓународно графичко триенале – Битола
-2009 год.- Осма меѓународна пролетна изложба "Широка Стаза" Белград
-2010 год.- Петто меѓународно биенале во мала графика – Тетово
-2010 год.- Скопје Филм Фестивал
-2010 год.- ОСТЕН Светска галерија на цртеж - Скопје
-2010 год.- ВЕЛОФЕСТ- Изложба на фотографии - Скопје
-2010 год.- Интерконтинентално биенале на мала графика "inter art" - Аиуд, Романија

**Награди:**

Најдобар едноминутен филм на "Скопје филм фестивал 2010"

Адреса: "Ѓуро Салај" 4а Струга, Р. Македонија, моб. +389 70 767 624, е-маил: gorans_ristovski@hotmail.com

Born in 1987 in Struga, R. Macedonia
Graduated from the Faculty of Fine Arts in Skopje, R. Macedonia in 2009, at the graphic section- graphic design in the class of professor Dimitar Malidanov.

**Group exhibition:**

-2006-2009 - Group exhibitions of the students of the FFA–Skopje
-2006-2009 -Exibition "Likovni umetnici od Struga" – Struga
-2007-2009 - Exibition for grafics "Dragutin Avramoski - Gute" FFA – Skopje
-2008- Fourth International biennial for small graphic, Tetovo
-2008- Humanitar exibition in Skopje
-2008- Graficka rabotilnica – Bogdanci
-2009- Sixth International Triennial of Graphic Art, Bitola
-2009- Eighth Internacional spring exibition "Siroka Staza" – Belgrad
-2010- Fifth International biennial for small graphic, Tetovo
-2010- Velofest- fotography- Skopje
-2010- Skopje Film Festival
-2010- OSTEN – World gallery of drawings
-2010- Intercontinental Biennial of Small Graphics 2010- Aiud, Romania

**Awards:**

Best oneminute movie on "Skopje film festival 2010"

Addres: "Gjuro Salaj" 4a Struga, R. Macedonia, mob. +389 70 767 624, e-mail: gorans_ristovski@hotmail.com



*Издавач:* Н.У. Центар за култура „Браќа Миладиновци“ Струга
*За издавачот:* Слободанка Попоска
*Уредник:* Димитрие Дурацовски
*Превод на англиски:* Ивана Балоска
*Печати: Ирис Принт*, Струга 2010

Изложбата се реализира со поддршка на Министерството за култура на Република Македонија